## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Второто продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 мај 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници,

Ве известувам дека поради ангажманите што ги имавме и со договор на координаторите на пратеничките групи ќе продолжиме сега со точката 14.

Продолжуваме со работа по 134-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Мендух Тачи, Замир Дика, Благој Голомеов, Ванчо Ѓорѓиев, Рафет Муминовиќ, Игор Ивановски, Љубчо Ѓорѓиевски, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Семијал Хасани, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Сашко Ќедев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 14 - Предлог на закон за судовите.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 25 поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Сега сме 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласале 49, 6 гласале за, 1 воздржан, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за менување на став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 65 пратеници, 53 гласале, 9 гласале за, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1, точка 24 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Овој амандман го предлагаме на членот 28, со кој што се дефинираат основните судови, кои што се основаат на подрачјето на одредени општини и во точка 24 се вели дека Основниот суд во Струга, значи подрачје на Основниот суд во Струга се општините Струга и Вевчани. Заради специфичноста што ја карактеризира општина Вевчани, бараме основање на судско одделение во Вевчани и заради тоа овој амандман бараме да се додаде во точката 24. Значи, Основен суд во Струга, на подрачјето на општините Струга и Вевчани со судско одделение во Вевчани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 67 пратеника, гласале 48, 7 гласале за, 1 воздржан, 40 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 за додавање нова точка 28 по точката 27, поднесен од пратеникот Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 67 пратеника, гласале 52, 5 гласале за, 1 воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 29 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни пратеници, 47 гласале, 8 за амандманот, нема воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 и на став 2, за бришење на алинеја 7, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Манев, повелете имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе,

Со поднесениот амандман настојувам да се врати надлежноста на повеќе судови во Република Македонија, кои што ја имале досега таквата надлежност, а со Законот е предвидено истите да имаат намалена надлежност, односно судот за кривични дела, за кои се пропишани казна затвор од 5 години, а во граѓанската постапка за штети, кои не надминуваат вредност од 10.000 евра.

Мене ми е прилично чудна оваа формулација на Законот. Во Република Македонија повеќе од 40 години судовите од основна надлежност, првостепените судови, суделе вака, кои се причините денеска да се намали нивната надлежност, ако го земеме Судот во Радовиш, кој што има 12 судии. За кривично дело што е пропишана казна затвор над 5 години, да оди на судење во Струмица. Што е тоа што го натерало предлагачот така да мисли. Дали овие судии, кои исто така се основни судии имаат помалку познавање од судиите во Струмица, или неможат да судат предмети за штета, каде што штетата надминува над 10.000 евра, а тоа е оштетување на едно патничко возило во денешни услови.

Сметам дека се прави огромна штета, по однос на развојот на Република Македонија во градови, или населени места каде што нема црква, џамија, или училиште, тоа нешто не можеш да го сметаш за населено, а во градови каде што нема суд, значи администрацијата ја нема, тогаш таквите гратчиња пропаѓаат.

Сметам дека нема дадено доволно образложение од страна на предлагачот, што е тоа што повеќе од 10, 12 и 15 судови кои што ја губат таквата надлежност што ја имале, остануваат да судат само за прекршоци, кривични дела, клевета или навреда.

На есен по стапувањето на сила на овој суд, ќе се предомисли било кој да ги добие изборите и ова е еден огромен дефект во судството за кое што е предложено вакво нешто. Да се бараат судии со исти квалификации, со ист стаж, со исто се, а во пресудувањето, во надлежноста, да немаат исти овластувања. Што е таа деградација на одредени судови и судии да не можат да судат како своите соседни судови.

Од тие причини, доколку размислат колегите пратеници, дека нам ни треба подобро судство, судството да е поблиску до граѓаните, од една страна ние отидовме со децентрализција на извршната власт, а со судството одиме обратно. Судството го централизираме, го собираме во помал број на судови, кое што и те како ќе се отежне во процесот на пресудувањето. Нема да одат голем број на граѓани од тие помали градови, да одат на судење во поголемите градови. Сето тоа ќе биде отежнато како за сведоци, исто така ќе има превидување од страна на полиција, што укажува едно страшно отежнување во судењето и пресудувњето на такви лица, за што зборувавме и во првата фаза, што е прифаливо да постојат специјализирани одделенија, но вака, основни судови со проширена надлежност и со општа надлежност, сметам дека е голем грев за Република Македонија и за македонското судство.

Затоа, ги молам пратениците, кои ги погледале амандманите, овие што јас ги поднесувам на членовите 30 и 31 и кои сакаат навистина, во Република Македонија судската власт да биде независна, а да служи на граѓаните, ги повикувам да гласаат за овие амандмани. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Би сакала да кажам некој збор во поддршка на амандманот на колегата Манев, бидејќи поднесениот амандман е сосема разумен и одговара на сегашната состоја во судството, која воопшто не беше спорна при пристапување кон реформите.

Значи, не беше спорно дека основните судови треба да бидат основни судови со основна надлежност и основни судови со зголемена, или проширена надлежност.

Оставањето на основните судови со основна надлежност, како судови кој ќе судат за кривични дела до пет години казна, е навистина мало, бидејќи по некоја логика за потешки кривични дела треба да судат некои судови со проширена надлежност, кога така се определил предлагачот, иако не е тоа некое избрано решение. Сепак, пет години казна за кривични дела е многу мала, за такви дела да судат само основните судови. А поготово, во имотните спорови, каде што е предвидено до 10.000 евра во денарска противвредност дека ќе судат овие основни судови. Десет илјади евра е премала вредност на спор, за да се остави само на овие основни судови, бидејќи една кола не чини повеќе од 10.000 евра.

Затоа, сосема е прифатливо решението во амандманот кој што го нуди колегата, наместо пет, десет години за кривични дела. Значи до десет години изречена казна и да се избрише во имотните спорови вредноста од десет илјади евра.

Ваквото решение, се плашам дека е спротивно на процесот на децентрализација, она што спомна колегата Манев. Ние воопшто како држава одиме во процес на децентрализација, а во третата власт ние правиме централизирање. Тое е една работа. Значи спротивно на концептот на државата која го застапува воопшто.

Друго прашање е што ќе се предизвика една состојба на фабрикување на судии кои под исти услови ќе бидат примени и назначувани, како судии во основните судови ќе бидат фабрикувани на некој начин, под наводници, судии од повисок и од понизок ранг. Значи, оние кои ќе судат во судови со основна надлежност, ќе бидат како судии со помал квалитет, или од помала вредност, а овие со проширена надлежност, кои ќе судат за кривични дела над пет години и во имотни спорови над 10.000 евра, ќе бидат судии од повисок ранг, иако условите за избор на судии ќе бидат идентични. Значи, нема промени во условите при избор на судии, дали ќе се работи за судии од основна надлежност, или за судии од основни судови со проширена надлежност.

Затоа, сум против решението што го понуди предалгачот и давам поддршка на амандманот од колегата Манев, бидејќи со тоа малку ќе се поправат работите позитивно и ќе се задржи сегашната состојба во основните судови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 16 гласале за, 1 воздржан, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 за додавање нова алинеја 2, по алинеја 1, поднесен од пратениците Наташа Биковска, Коста Прешоски, Емилија Костадинова и Ангел Димитров..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Претседателе, по редоследот на амандмани, листата што сте ни ја доставиле е за амандманот 33 од Јанаќе Витановски. Така што, да не направиме некоја забуна.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е 33-иот амандман по списокот.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Да, а сега тој амандман што го прочитавте ако можете...

**Љупчо Јордановски:** Тоа е тој, амандман на член 30 став 1 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1...

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Тој амандман го немаме ние. Имаме за член 30 став 2 алинеја 1 и 7 од Јанаќе Витановски.

**Љупчо Јордановски:** Го немате на списокот или?

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Еве сега во овој момент ни доставија од службите овде еден на нова листа, така што сега ќе видиме кој е амандманот 33, затоа што ние имаме претходен лист, а ова сега е нов што го добиваме во овој момент.

**Љупчо Јордановски:** Оваа листа јас ја имам од почеток.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Еве, јас ќе ви ја доставам мојата листа.

Тој амандман ние го немаме.

Амандманот еве сега го споредивме, на нашиот список е амандман 37 и тој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е друг амандман. Сега ќе го добиете амандманот.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Биковска, повелете.

**Наташа Биковска:** Благодарам претседателе.

Амандманот произлегува од стручните колегиуми на основните судови од каде што потекнуваме ние потписниците на овој амандман, затоа што на 14.03. судовите ја добиле Предлог работната верзија за законот за судовите во втора фаза, по која се имаат произнесено, но тогаш воопшто не биле предвидени одредбите на кои реагираме во ваква форма и едноставно преку нас пратениците остана можноста да го пренесат својот експертски став. Имено, амандманот се однесува на изземањето на надлежноста на основните судови во постапките за кривични дела и прекршоци на малолетните лице и давање на оваа надлежност на основните судови со проширена надлежност, од што ќе бидат

засегнати сите помали основни судови. Досегашната практика покажа дека овие постапки успешно со адекватна брзина и квалитет се решаваат во малите основни судови. Затоа го поднесовме овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор, затоа го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници во салата, 54 пратеници гласале, 13 пратеници гласале за амандманот, 3 воздржани и 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 2 за бришење на алинеја 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не е прифтен.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој амандман е сличен со амандманот на колегата Ефтим Манев. Цениме дека многу сериозно треба колегите пратеници да ги слушнат нашите образложенија до колку сакаме навистина да направиме реформи во судството кои ќе бидат во прилог на подоброто работење и на основните и на судовите со проширена надлежност. За да биде појасно, ќе прочитам што предвидува, кое решение го дава членот 30 став 2 алинеја 1.

Во ставот 2 се вели дека "основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по граѓански спорови и тоа за спорови во имотно-правни и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица чија вредност е до 10 илјади евра во денарска противвредност, до колку со закон не е предвидена надлежност на друг суд". Значи само за надлежност до 10 илјади евра ќе судат основните судови со основна надлежност.

Предлагачот очигледно не водел сметка за оптоварувањето на судовите што би го предизвикала оваа одредба, сведувањето на стварната надлежност на дел од основните судови во имотно-правните и другите граѓанско-правни односи на физичките и правните лица во вредност до 10 илјади евра, со тоа што предметите над 10 илјади евра би биле во судовите со проширена надлежност, ќе направи премногу товар на судовите со проширена надлежност на сметка на судовите што немаат таква надлежност. Тоа практично би значело во моментот Основниот суд кој што е сега со проширена надлежност во Велес да има огромна надлежност и истиот како суд со проширена надлежност ќе одлучува за граѓански спорови со вредност над 10 илјади евра и тоа за работи за кои до сега одлучувале основните судови во Кавадарци, Неготино и Гевгелија. Понатаму, Основниот суд во Битола со проширена надлежност всушност ќе ја одземе досегашната надлежност на основниот суд во Прилеп, а Основниот суд во Гостивар ја зема надлежноста на Основниот суд во Кичево. Понатаму, Основниот суд во Охрид ја зема надлежноста што ја имаше до сега Основниот суд во Струга. Сите овие 5 суда имаат кадар кој што се докажал до сега во решавањето на ваквиот вид на предмети, имаат просторни можности, имаат помошен кадар и администрација. Сметаме дека според овој закон и според предложениот закон за Судскиот совет видно е дека за избор на судија се бараат еднакви услови, без оглед на тоа дали се работи за судија во суд со проширена надлежност или пак не. Дисперзијата на предметите над 10 илјади евра во судовите со проширена надлежност може да значи искажување недоверба на судиите кои судат во судовите сега со основна надлежност кои немаат право да судат за предмети, за граѓански спорови со вредност над 10 илјади евра и над 5 години казни кои се изрекуваат. Ваквата диспропорција во граѓанската постапка наместо ефикасност во работењето на судовите ќе го даде спротивниот ефект и ќе предизвика сериозна недоверба на граѓаните кон судиите и судовите што немаат проширебна надлежност. Идентична е состојбата и со надлежноста за утврдување и обезбедување за присилно извршување, кои се содржани во алинеја 6 од ставот 2 на членот 31. Сметаме дека понуденото решение не само што ќе го поскапи правораздавањето и ќе го забави истото, ќе предизвика и поголем број на финансиски оптоварувања на Буџетот на Република Македонија, бидејќи судовите на кои се пренесува надлежноста објективно ќе мора да го зголемат и бројот на вработените, на судиите, на стручните соработници и вработените во администрацијата, ќе се согласите дека дополнителни оптоварувања од таков вид на судскиот Буџет не се потребни и од тие причини сметаме дека пожелно би било да се прифати овој амандман, за да не се прави ваква диспропорција во граѓанската постапка и да имаме судови во кои ќе има многу мал број на предмети и судови во кои ќе се прелеат сите предмети од основните во проширените судови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска, повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Би сакала низ еден поинаков аспект да кажам неколку зборови во потврда на прифаќање на амандманот на колешката Бонева и во практичноста на решението кое се нуди. Всушност, ако вие имате граѓански спор, ако сакате да заверите граѓански спор пред судот,

вие ќе доставите тужба пред судот, сега Основниот суд во вашето место на живеење, ќе процени дека се работи за спор над 10 илјади евра вредност, а тоа е многу реално и често ќе се случува бидејќи 10 илјади евра е многу мала вредност за имотни спорови, или да речам некоја осредна вредност. Веројатно така е замислено, па ќе го дистрибуира предметот на судот со проширена надлежност за да постапува по него судот со проширена надлежност. Сега ваквиот пат на нештата, наместо да ги поедноставиме ние ги усложнуваме работите, затоа што постапувањето вака прво ќе биде поскапо што значи судот каде што сте ја доставиле тужбата треба да оформи предмет, па да го предаде на судот со проширена надлежност, значи поскапа постапка.

Исто така, постапката ќе биде поспора бидејќи е потребно време вие да го оформите предметот и да го отстапите, бидејќи странката претходно нема да знае за колкава вредност ќе биде спорот кога ќе ја поднесе тужбата во имотно-правен однос.

Исто така, има нешто во постапувањето во имотните спорови што често пати се случува, а тоа е излегувањето на лице место за да се утврди фактичка состојба. Сега ако треба судијата да речеме од Битолскиот суд да оди на лице место на некоја нива во Прилеп, верувајте дека во многу ќе ја успори, но и ќе ја поскапи постапката, а нам не ни е целта со реформата ниту да ги успориме постапките, ниту пак и онака скапата пракса да ја направиме поскапа.

Затоа, сосема е оправдан амандманот на колешката Бонева, а решението што го понуди предлагачот, јас не знам кои се мотивите за таквото решение, меѓутоа е многу лошо решение. Со тоа ќе ги усложниме работите во работењето на судовите во основна надлежност со поделбата на основни судови со основна надлежност и основни судови со проширена надлежност, а при тоа лимитот до каде ќе бидат со основна и до каде ќе бидат со проширена надлежност е многу низок, па затоа е потребно да се прифати овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 17 за амандманот, нема воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандман на член 30 став 2 алинеја 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор миниситерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам почитуван претседателе.

Овој амандман се однесува на членот 30 став 2 алинеја 1, каде што станува збор за споровите од имотно-правни и други граѓанско правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 10 илјади евра во денарска противвредност, да можат до таа вредност да бидат надлежност на судовите со општа надлежност.

Од она што имав можност и од самиот закон, но и од судиите и оние кои постапувале по вакви предмети, испаѓа дека оваа вредност од 10 илјади евра е мала вредност и заради тоа на некој начин се обидов со амандман да ја корегирам затоа што очигледно е дека во едни вакви спорови за една обична постапка за утврдување на меѓа меѓу две ниви не ќе може да суди суд од основна надлежност, туку ќе треба таа работа да ја суди суд со проширена надлежност.

Мислам дека во секој случај, независно дали овој мој амандман ќе биде прифатен или не, дека Владата треба да размисли за корекција веројатно со свој сопствен амандман на овој износ од 10 илјади евра, затоа што навистина е премногу ниска вредноста. Јас мислам дека по претходната расправа на колегите по претходниот амандман, сега и оваа расправа, Владата ќе мора да интервенира со една посеопфатна вредност која ќе даде можност и на овие судови да работат одредена граѓанска процедура, а не сето да премине на судовите со специјализирано проширена надлежност. Тоа е основната забелешка и тоа е основната работа која со овој амандман е потенцирана, така што јас не инсистирам тоа да биде строго 30 илјади евра, но ова е како обид Владата во меѓувреме да размисли и да поднесе свој сопствен амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 16 за амандманот, 1 воздржан, 45 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 2 алинеја 1 и 7, поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 2 алинеја 1 и 7, поднесен од пратениците Наташа Биковска, Коста Прешоски, Емилија Костадинова и Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, 52 пратеника гласале, 7 за амандманот, 2 воздржано и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 алинеја 1 и на став 2 за бришење на алинеја 1, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Само би укажал дека овој амандман произлегува од амандманот на член 30, кои амандмани сметам дека беа клучни амандмани за овој закон, за кој сметам и уште еднаш ќе повторам дека поголем гаф не може да се направи во законот на судството што е направен сега и сметам дека пратениците треба со најголема одговорност да помислат што правиме ние со судството. Тоа што го предложи колегата Караџоски, би сакал да укажам дека Владата ќе треба уште еднаш да седне да ги разгледа амандманите на членот 30 и 31 од сите пратеници и да предложи соодветно решение на судството во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор, па го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, 58 гласале, 15 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 алинеја 1, поднесен од пратениците Наташа Биковска, Коста Прешоски, Емилија Костадинов аи Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Биковска, имате збор.

**Наташа Биковска:** Овој амандман е од техничка природа, кој ќе произлезеше ако се прифатеше претходниот амандман. Затоа го повлекуваме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 за бришење на алинеја 1, поднесен од пратениците Наташа Биковска, Коста Прешовски, Емилија Костадинова и Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен гласале 48 од кои 5 за амандманот, 4 воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, овде ќе дадам пауза за ручек до 15,00 часот и на министерката Младеновска да и овозможиме да си ги среди амандманите по редоследот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Седницата прекина во 13,55 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Да ги известам пратениците дека во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 31 за менување на став 3 и на член 32 за менување на став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2, алинеја 1, поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3, поднесен од пратениците Жарко Караџоски, Блаже Стојаноски, Благоја Гешоски, Роза Топузова-Каревска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Овој амандман е веќе вграден во амандманите што се доставени од Владата.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, во името на предлагачите на овој амандман, прилепските пратеници, покрај мене Блаже Стојаноски, Благоја Гешоски, Роза Топузова-Каревска и Цветанка Иванова поднесовме амандман кој во меѓувреме Владата достави амандман кој го опфаќа и нашето приложено решение, а се работеше за Основниот суд во Прилеп.

Основниот суд во Прилеп да биде суд со проширена надлежност, она што и ние го баравме. Бидејќи Владата најде слух и предложи свој амандман кој е составен дел на текстот на Предлогот на законот, од името на предлагачите овој амандман го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 за менување на став 3, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Селвије Салиу и Назлие Даути.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Аманданот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Рафис Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Во име на предлагачите го повлекуваме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3, поднесен од пратеникот Џевдет Насуфи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Господинот Насуфи бара процедурално.

**Џевдет Насуфи:** Господине претседател, прво, вие треба да гледате во мониторот, а не да ги гледате пратениците или определени лица, во овој случај вашиот пратеник, ми се зема правото да си го бранам мојот амандман.

Затоа ќе ве молам да овозможите да го образложам амандманот кој е во однос на надлежноста на судот во Струга.

На крајот на краиштата вие треба да знаете дека Струга има специфична позиција и положба, мислам дека вреди да се нагласи и поради територијата која ја опфаќа и поради бројот на жителите и поради амбиентот во кој се врши функцијата на судството, Струга требаше да остане со поширoки надлежности. Меѓутоа, и покрај ова има една политичка компонента. Струга има над 65% Албанци. До колку надлежноста премине во Охрид, тогаш судот во Струга ќе остане експозитура и тогаш ќе се создадат...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, го објаснувате амандманот и доволно беше. Вие внимавајте, бидејќи не сум различен спрема вас во однос на другите. Внимавајте и бидете внимателни кога јас ќе кажам дали некој бара збор или амандманот не е прифатен, да се пријавите.

Господинот Евтим Манев, госпоѓа Силвана Бонева и многу други пратеници пред да прочитам, кога ќе слушнат дека не е прифатен амандманот, се пријавуваат.

Според тоа, во салата сме 66 пратеника, овде има ред кој сите го почитуваат и тие правила на игри не се менуваат. Исклучок нема за никого.

Од 66 присутни 47 гласале од кои 10 за амандманот, 1 воздржан, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3, поднесен од пратеникот Цветле Јанеска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1, поднесен од пратеникот Благој Голомеов, под архивски број 07-1614/67.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни гласале 46 од кои 3 за амандманот, 1 воздржан, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, повелете господине Краљевски имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, смислата на амандманот, почитувани пратеници, во Основниот суд во Куманово да се формира специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал.

Основниот суд во Куманово со таквото одделение за судење на дела од областа на организираниот криминал да го покрива подрачјето на месната надлежност на Апелациониот суд-Скопје.

Аргументацијата за овој амандман е следна:

Општина Куманово по бројот на жители е најголема општина во Република Македонија.

Основниот суд Куманово со проширена надлежност ги покрива подрачјата на основните судови во Куманово, Крива Паланка и Кратово.

Територијата на овие три општини лоцирана до државната граница со Република Србија и Црна Гора и Република Бугарија е простор на кој, според евиденцијата на службите на Министерството за внатрешни работи, се врши организиран криминал и друг криминал во најголем обем по однос на останатата територија на Република Македонија.

Од тие причини би било најцелисходно во Основниот суд во Куманово со проширена надлежност да се формира специјализирано судско одделение за судење на дела од областа на организираниот криминал од месната надлежност на Апелациониот суд-Скопје.

Втора аргументација која исто така мислам дека е логична и држи, ако веќе се дозволува или Законот предвидува формирање на специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал за Струмица и Штип кои би ги покривале општините на пример да кажеме Основниот суд од Струмица би ја покривала месната надлежност на Струмица и Радовиш, а таквото одделение во Штип би го покривало месната надлежност за општините Берово, Виница, Делчево, Кочани и Свети Николе. Сега, направете споредба помеѓу обемот на организираниот криминал според евиденцијата на службата на Министерството за внатрешни работи на територијата на општините Куманово, Кратово и Крива Паланка и на овие општини, тогаш ќе видите драстична разлика според обемот на одвивањето на ваков организиран криминал.

Тоа е втората аргументација поради која го предлагам амандманот и од колегите барам сериозно да го разгледаат овој мој предлог во форма на амандман и да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господиен Краљевски.

Повелете господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Колегата Чедомир Краљевски кажа два од многуте аргументи кои стојат во однос на неговиот предлог-амандман.

Сакам да кажам дека ќе го поддржам ваквиот амандман со уште едно дополнително образложение. Не само што Куманово е еден специфичен центар и што навистина треба да има специјализирано судско одделение надлежно за делата од областа на организираниот криминал, сметам дека и Владата и Министерството за правда треба да имаат во предвид уште еден податок, а тоа е бројот на предметите во Основниот суд Куманово, тежината на самите предмети, за тоа Министерството за правда има извонреден преглед и конечно бројот на населението кое живее на тие подрачја. Инаку, ако структурално се гледа ќе видиме дека Битола, Тетово, Скопје I и Струмица покриваат навистина поголем дел од Република Македонија, меѓутоа, оној дел кој е на пограничниот појас останува непокриен и сметам дека предлогот на амандманот на колегата Краљевски е навистина рационален и разумен и јас ќе гласам за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 55 од кои 12 за, 3 воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Гледате како господинот Караџоски веднаш се пријави.

Господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман предлагам две решенија. Тоа е во делот на специјализирани судски одделенија надлежни за судење на дела од областа на организираниот криминал во постоечкиот текст, според мене, беше испуштен Основниот суд во Штип на подрачјето на Апелациониот суд во Штип и сметам дека во вакви специјализирани одделенија за ваков криминал треба да има и Основниот суд во Прилеп.

Мора да признам дека во меѓувреме Владата поднесе амандман со кој делот кој се однесува за Основниот суд во Штип на апелационо подрачје во Штип го внесува, станува составен дел на законот и со тоа половично од мојот предложен амандман на некој начин е прифатен, останува она што го предложив за Прилеп и бидејќи на некој начин со ваквиот амандман, внесувањето на Основниот суд во Штип на тоа подрачје плус Струмица и плус оние другите кои беа, мислам дека е доволно вакви судови со вакви специјализирани одделенија, така што амандманот во останатиот дел односно целиот амандман го повлекувам затоа што половично е прифатен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1, поднесен од пратеникот Мите Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Николов имате збор.

**Мите Николов:** Ви благодарам претседтеле, бидејќи Владата предложи амандман со иста содржина со кој се основа специјализирано одделение и во Основниот суд во Штип, истиот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на ставовите 1,2 и 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни гласале 58 од кои 8 за амандманот, 4 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1 алинеја 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Илија Китаноски и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓа Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, сосема накратко да го образложам овој амандман кој се однесува на членот 37.

Членот 37 зборува за тоа дека Врховниот суд на Република Македонија на општа седница донесува, покрај другото, деловник за својата работа.

Ние предлагаме покрај оваа негова обврска да се додадат во оваа алинеја и зборовите "и работата на судовите во Република Македонија". Значи, да се додадат овие зборови со цел Врховниот суд на Република Македонија да донесува деловник и за работата на судовите во Република Македонија. Независноста на судската власт значи немешање на извршната власт во судството. Во таа смисла овластувањето на министерот за правда да пропишува судски деловник е недозволиво, бидејќи значи мешање на извршната во судската власт и нарушување на судската независност. Судскиот деловник на сите судови во Република Македонија и за Врховниот суд треба да биде еден и да го донесува Врховниот суд на Република Македонија.

Од тие причини предлагаме дополнување на оваа алинеја 4 од членот 37.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 58 гласале, 8 за, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1 за бришење на алинеја 10, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

И овој амандман се однесува на работата на Врховниот суд на Република Македонија кој што во алинеја 10 се вели дека на општа седница именува состав на Советот за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет за разрешување на судија, или изречена дисциплинска мерка.

Ние предлагаме оваа алинеја 10 да биде избришана од следните причини. Принципиелно е Врховниот суд на Република Македонија да не може да одлучува ниту да именува Совет што ќе одлучува по жалби против решенијата на Судскиот совет и тоа од следните причини. Претседателот на Врховниот суд според Предлог законот за судскиот совет на Република Македонија е член на Судскиот совет и учествува полноправно во работата на Советот. Истовремено претседателот на Врховниот суд според членот 37 раководи со општата седница на Врховниот суд. Од друга страна судиите на Врховниот суд, судиите на апелационите судови, судиите на основните судови ги избира, ги именува Судскиот совет. Противречно е и неприфатливо е судиите што се избрани и именувани од Судскиот совет да одлучуваат по жалби против одлуките на Судскиот совет кој што ги именувал.

Од тие причини бараме оваа алинеја 10 од членот 37 да биде избришана.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Само два, три збора во поддршка на овој амандман, бидејќи судур на интереси ќе постои кај претседателот на Врховниот суд кој истовремено е и член на Судскиот совет и ја раководи општата седница на Врховниот суд. Мислам дека такво нешто не можеме да допуштиме.

Заради тоа јас го поддржувам амандманот на колешката Бонева. Мислам дека предлагачот треба добро да размисли за ова.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, гласале 11 за амандманот, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Значи, овој амандман е исто така на членот 37 кој што зборува за Врховниот суд на Република Македонија и што тој прави на општа седница. А ставот 2 вели, начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на Република Македонија. Ние предлагаме и овој став 2 да се брише заради тоа што начелните ставови и правни мислења утврдени на општа седница имаат значење за воедначена примена на законите, но тие не се извор на правото, ниту пак пропис што обврзува. Заради тоа судиите на Врховниот суд, односно советите на Врховниот суд не се обврзани со начелните ставови и начелните правни мислења на општата седница, а кога со законот се прават задолжителни, со тоа всушност се повредува независноста на судиите на Врховниот суд. Од тие причини бараме ставот 2 на членот 37 да биде избришан.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 57 гласале, 8 за, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Став 2 од членот 39 гласи: судијата по правило се избира да суди во соодветни области. Ние предлагаме овој став да се избрише заради тоа што при изборот на судијата од Судскиот совет на Република Македонија не се определува за која област тој во иднина ќе суди. А распоредот за работата го утврдува претседателот на судот. А специјализацијата на судиите по одделни области може да се врши со воведување на обуки по одредени области од Академијата за обука на судии и обвинители. Во овој момент

цениме дека ваквото решение не треба да биде содржано во членот 39.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 59 гласале, 10 за, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за додавање нов став 9-А по ставот 9 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 58 гласале, 10 за, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за бришење на став 12, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

И овој амандман се однесува на членот 39, но сега на ставот 12. Ставот 12 е поврзан со ставот 9 кој што зборува за времено упатување на судијата од еден во друг суд и таквото времено упатување во ставот 10 се вели дека го прави Судскиот совет на Република Македонија. Во ставот 12 се кажува дека против одлуките кои што се однесуваат на овој став 9, судијата може да вложи приговор во рок од три дена и повторно овде се кажува, до Судскиот совет на Република Македонија кој е должен да одлучи по приговорот во рок од 7 дена и одлуката на Судскиот совет на Република Македонија е конечна. Значи, имаме една ситуација кога судијата треба да вложи жалба до Судскиот совет кој што донел одлука за негово прераспоредување во друг суд. Принципиелно е недопустливо органот што донел одлука да одлучува и по жалба против таквата одлука, бидејќи истиот орган се јавува во двојна улога и како првостепен и како второстепен орган. Заради тоа мислам дека колегите пратеници сериозно ќе размислат дали може истиот орган како што е Судскиот совет да одлучува и во прв степен и во втор степен, значи самиот тој да си ја преиспитува сопствената одлука која што ја има претходно донесено.

Од тие причини барам да се избрише во членот 39 ставот 12, за да не дојдеме во ваква ситуација еден ист орган да одлучува во два степени.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Многу е непринципиелно решението кое го понудило предлагачот во членот 39 точка 12, бидејќи нема двостепеност. Ако вас ви се дава право на приговор, право на жалба, тогаш принципиелно да ви се обезбеди и двостепеност. Значи, вие ќе ја примите одлуката и ќе се жалите кај истиот орган кој ја донел таквата одлука. Во пракса нема да има поразлична одлука, значи Судскиот совет нема да ја смени првичната одлука, туку само проформа ви дава право на приговор. Зарем мислите дека тој ќе одлучи поинаку? Тоа се истите луѓе, истиот Судски совет, нема двостепеност. И затоа ваквото решение апсолутно нема никаква смисла. Јас ако се пожалам кај претседателот на Собранието и ако ми дадете право да се жалам, тој ќе ја донесе истата одлука, ќе рече, нема да се жалиш. Значи, многу непринципиелно е решението содржано во ова.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам господине потпретседателе. Ова што го зборуваат колешките госпоѓата Силвана Бонева и госпоѓата Ристана Лалчевска, мислам дека донекаде држи. Но, ние имаме и Предлог за донесување на закон за Судскиот совет во кој што е кажано кој ги избира судиите, кој ги разрешува судиите и кој врши распоредување на тие судии.

Од тие причини сметам дека ова за двостепеност за кое што зборуваат колешките можеби држи, но во законот за судскиот совет кој што треба да го донесеме е кажано дека Републичкиот судски совет е тој кој што врши избор на судиите, ги разрешува и ги распоредува. Сметам дека сосема е во ред ова што е напишано во законот. Тоа е моето мислење.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Имам една кратка реплика. Колегата Витановски рече: до некаде. Нема до некаде решенија. Или има решение, или нема решение. Значи, не може нешто да е неиспилено. Или ви дава право да се пожалите, да приговарате, и ви обезбедува двостепеност, или не ви дава воопшто такво право.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Колешката Лалчевска тоа што го кажа, но во Законот за Републички судски совет стојат други одредби.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот .

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 60, 11 за амандманот, нема воздржани, 49 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1 алинеја 1, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 58, за амандманот гласале 7, воздржани 2, и против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1, алинеја 2, 3 и 4, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Селвије Салиу и Назмиме Даути.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амадманот на член 60 , за менување на став 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема дрги пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 54 гласале, 7 за, еден воздржан, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 70, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марија Којзекслиска.

**Марија Којзеклиска:** Со овој амандман барам за штетата што судијата , или судија поротник во вршењето на функцијата ќе им ја причини на граѓани, или на правни лица, со незаконска работа, средства се обезбедуваат од судскиот буџет.

Сега да ги потсетам сите колеги пратеници, а и министерот за правда дека ние го менувавме Уставот за да можеме да им дадеме основа на реформите во судскиот систем. Баравме и со измените на Уставот судиите да си ги бира судската фела. Донесовме Закон за судскиот буџет, да не бидат зависни од исвршната власт, од парите кои ќе им ги даде било кој иден министер за финансии, на судовите, во нивното нормално функционирање. Значи, заштита што судија или судија поротник, со своето незаконско работење ќе му причини штета, треба да одговара Република Македонија, како што е предложено во Предлогот на законот. Значи колку и да се трудиме да ги направиме реформите и да ја ставиме судската власт на едно независно и самостојно ниво, тогаш Република Македонија за сите оние штети што ќе произлезат од незаконското работење на судија, или на судија поротник, треба да ја плаќа штетата.

Мојот амандман се однесува на тоа, штетата да се обезбеди од страна на судскиот буџет.

Јас знам дека судскиот буџет, или Законот за судски буџет ни оддалеку, во оваа фаза , не го задоволува критериумот судството да биде независно и финансиските средства да бидат одоздола нагоре, а не како што досега е. од финансиите предвидени со Буџетот на Република Македонија , да се дистрибуираат до сите основни судови. Но, ние овој закон за судови не

го носиме да важи една година. Сигурно ќе има и други промени во делот на финансирањето што е предвидено и со стратегијата,.како еден од документите кои се мотив на Владата за да можеме судството да го ставиме во рамките кое функционира во сите нормални демократски држави. Од тие причини, со оглед на тоа што Министерството за правда не најде засходно дека треба да го прифати овој амандман и за штетата што ќе ја причини судија за незаконско работење, да одговара Република Македонија . Апелирам до колегите пратеници да го поддржат амандманот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавен за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да обезбедиме 61 пратеник, да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 60, за амандманот гласале 13, воздржан еден, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 70, за ме нување на став 2, поднесен од пратеницитре Силвана Бонева и Илија Котаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Георгиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** И овој амандман, исто така се однесува на членот 70 и е во врска со штетата што судијата, или судијата поротник, во вршењето на функцијата ќе им ја причини на граѓани или на правни лица со незаконска работа. Ако оваа штета е сторена со груба и непростлива повреда на законот, како воде што стои во став 2, се вели дека кога е сторена ваква груба непростлива повреда на законот, се поведува постапка за разрешување и Република Македонија по пат на тужба од судијата може да бара враќање на износот на исплатена штета, во висина што ќе ја утврди судот согласно начелото на правичност. Ние сметаме дека ставот 2 треба да претрпи промена и јасно и гласно да биде кажано дека кога штетата од став 1 на овој член е сторена намерно, или со грубо невнимание, државата има право на регрес.

Една од гаранциите на судската независност е и таа дека судијата не треба да биде одговорен за штета што ја претрпела некоја странка во постапката, туку дека во тој случај е одговорна државата. Меѓутоа, кога штетата е сторена со намера , или со грубо невнимание, државата мора да има право на регрес, така што судијата е должен таа штета да и ја надомести на државата. Од овие причини бараме поддршка за овој наш амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 62 пратеници, од нив гласале 58, за амандманот 9, воздржан 1, а 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 72 за бришење на ставовите 2,3 и 4 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Овој амандман се однесува на членот 72, поточно на ставовите 2,3 и 4. Во ставот 2, 3 и 4 се зборува за годишните одмори во судовите и во кои случаеви работат судовите 15 јули до 1 септември. Во ставот 2 се вели дека во судовите од прв степен, за време на годишните одмори се извршуваат само нужни работи, а наброени се кои се тие. Во ставот 3, за време на годишните одмори во апелационите судови се постапува по жалби на одлуките по предметите што се дадени во ставот 2, а тоа се само нужните работи што ги извршуваат основните судови во прв степен и во ставот 4 се вели дека за овие работи што досега ги спомнав, времето што е предвидено за годишни одмори од 15 јули до 1 септември ќе се смета за време кога судот не работи.

Тоа се овие одредби што бараме да бидат избришани, бидејќи е очигледно дека ќе настане застој во работата на судовите во летниот период. Тоа се противи на ефикасноста на судството, а посебно е противречно на правото на граѓаните за судење во разумен рок.

Од тие причини бараме да се поддржи овој амандман што оди во прилог на ефикасноста на работењето на судовите и брзо доаѓање до правда на граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 65 пратеници, гласале 62 пратеници, од нив 14 за, 2 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 79 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 4, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо министер.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 79 за бришење на ставот 2 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не е прифатен.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе.

Овој амандман се однесува на членот 79 каде што се регулирани можностите претседател на суд да биде разрешен од функцијата претседател кога Судскиот совет во постапка ќе тврди исполнување на некои од основите. Таму се наведени: злоупотреба на положбата, пречекорување на службените овластувања, незаконско или ненаменско располагање и т.н. и т.н. Тоа е во ставот 1.

Во ставот 2, со што предлагам со овој амандман да се избрише, се вели дека во случај на полесен облик на повреда од основите на ставот 1, на претседател на судот може да му биде изречена дисциплинска мерка. Значи, ние правиме реформи во судството, тежината на реформите во судството паѓа на судовите, пред се, на основните судови и претседателот на судот е прв меѓу сите судии, значи еднаков прв меѓу еднаквите.

Сега, за ставот 1 се наведени алинеите по кои основи може да му се изрече мерка престанок или разрешување од функцијата претседател и затоа не смее да се дозволи да направи полесен прекршок, ако суштината на реформите е навистина реформи во судскиот систем. Тогаш, не смееме да оставиме минимален простор претседателот на судот да може да си дозволи полесен облик на прекршување на постапката или пак да направи потежок облик на прекршување.

Со ставот 2 му се дава дозвола на претседателот на судот, доколку направи некоја злоупотреба на службената положба и пречекорување на службените овластувања да биде во полесен облик, а јас не верувам и не знам дали постои полесен облик на злупотреба на положбата и пречекорувања на службените овластувања, бидејќи злоупотреба си е злоупотреба. Имаме искуство со ваквата терминологија од 15 септември наваму. Сега, со ставот 2 Владата или Министерството за правда му дава пас на претседателот на судот да може да стори, ама во полесен облик.

Има диспропорција во основата заради што се донесува овој закон за судовите и она што се нуди во одредени членови или ставови од овој Предлог на закон. Затоа апелирам до колегите да го поддржат амандманот. Сметам дека нема суштински да се промени текстот, туку ќе се подобри.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 14 за, 2 воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 82, 83 и 84 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе.

Овој амандман се однесува на членовите 82, 83 и 84 во кои што се зборува за правосудната управа и работите што ги врши Министерството за правда односно министерот за правда во врска со правосудната управа.

Уставното начело за поделба на власта и независноста на судската власт значи не мешање на извршната во судската власт. Поради тоа, овластувањето на министерот за правда, што е предвидено во овие одредби, противречи на независната судска власт. Сите овластувања

на Министерството, односно на министерот за правда, предвидени во членот 83 и членот 84 значат директно загрозување на судската независност, заради тоа што министерот за правда како дел од извршната власт, презема дел на надлежностите што се во исклучива надлежност на судството. Министерот за правда донесува судски деловник, врши надзор над ажурното вршење на работите во судот и спроведување на судскиот деловник, испитување на претставките и поплаките на граѓаните за работата на судовите. Кога врши надзор во врска со примена на судскиот деловник, значи дека министерот за правда има надлежности што се својствени и припаѓаат на судската власт.

Ова овластување на министерот за правда сметаме до краен степен ја загрозува независноста на судиите и судската власт и бараме бришење на členовите 82, 83 и 84 од Предлогот на законот за судовите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеници, гласале 60 пратеници, од нив 10 за, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 96 поднесен од пратениците Силвана Бонева и и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

**Повелете госпоѓо Бонева.**

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Членот 96 зборува за следново, во ставот 1 се вели дека поради природата на работата во судовите се организираат дежурства за ефикасно извршување на судиската функција. Во ставот 2 се вели дека распоредот и времетраењето на дежурствата ги донесува претседателот на судот за секој месец. За извршеното дежурство се плаќа надоместок и со акт на министерот за правда се утврдува висината на надоместокот за дежурството.

Сметаме дека внатрешната организација и работата на судовите ќе се определуваат со судскиот деловник, а со тоа ќе се реши и прашањето на дежурствата. Надоместокот за дежурства треба да биде утврден во Законот за плати и надоместоци на судиите. Од тие причини бараме бришење на членот 96. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Витановски Јанаќе.

Повелете.

**Јанаќе Витановски:** Господине потпретседателе,

Амандманов што е поднесен од госпоѓата Силвана Бонева и Илија Китаноски е сосема во спротивност од она што значи правото, од причини што прво во закон треба да се уредат овие односи, а бидејќи се бориме за ефикасност во судовите, судот не може да остане а да нема дежурства во одредени периоди. Во членот 96 е предвидено поради природата на работата во судовите да се организираат и дежурства за ефикасно извршување на судската функција.

Во времето на дежурствата до сега и од сега, исто распоредот на судиите ќе го врши претседателот на судот и тоа секој месец. Да не се остави период во кој што судот нема да има дежурства, односно да нема лица кои ќе ја извршуваат таа функција. За тие дежурства, ако за сите граѓани на Република Македонија кои работат и имаат дежурства и им следуваат плати, за што министерот со свој акт ќе ја утврди и висината на тој надоместок.

Мислам дека овој член 96 треба да остане од причина што тоа треба да влезе во закон, а друга е причината дали тоа понатаму ќе се уреди во деловник. Но, во основа, мора да биде во закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Реплика барате госпоѓо Бонева?

Три минути реплика за госпоѓа Бонева Силвана.

Повелете.

**Силвана Бонева:** Никој не спори дека е потребно дека треба да има дежурства. Ние велиме дека внатрешната организација и работата на судовите ќе се определи со судскиот деловник, со што и дежурствата ќе бидат решени.

Исто така, не кажав дека нема потреба за плати и надоместоци на судиите. Но, наша интенција е надоместоците и платите на судиите да бидат утврдени со Законот за плати и надоместоци. Таму да се реши ова прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 59, од нив 12 за, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 за бришење на став 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Членот 97 став 5 зборува за тоа дека странките и другите учесници во постапката што е во тек не смеат да даваат информации и оценка за текот на водењето и исходот на постапката, доколку судот забранил да се даваат такви информации.

Предлагаме овој став 5 да се избрише од Предлогот на законот за судовите, заради тоа што не може на граѓаните, на странките или нивните полномошници или бранители да им се ограничи правото на давање информации и оценка на текот и водењето на постапката, затоа што со тоа се повредува правото на слобода на мислењето и слобода на говорот.

Друго е прашањето кога се работи за исклучување на јавноста од страна на судот. Во такот случај, кога јавноста е исклучена, може да се воведе обврска да не се даваат информации за текот и водењето на постапката, меѓутоа одредбата не се однесува на случаи кога судот на ја исклучил јавноста. Се однесува во случаи кога постапката е за исклучена јавност. Тоа не важи за тогаш кога постапката е во тек.

Од тие причини бараме ставот 5 на членот 97 да биде избришан.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, од нив 13 за, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 5 поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

Повелете господине Манев.

**Ефтим Манев:** Сметам дека ставот 5 на членот 97 ќе биде многу тешко применлив, како што е наведен. Ако постапката е јавна, неограничена, покрај странките можат да учествуваат и безброј други луѓе, да ја следат, а судот ќе донесе решение со кое што ќе забрани на странките, учесници во постапката да не ја информираат јавноста. Што ако информираат другите граѓани кои ја следеле постапката?

Од тие причини го поднесувам амандманот, тоа да важи само во случај кога истата е забранета за јавноста, како постапка за слушање, освен странките. Тогаш би имало некаков резон овој став. Во друг случај мислам дека е излишен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Во членот 97, во ставот 5, решението како што го понудил предлагачот е во спротивност со едно основно начело во судството, а тоа е дека судењето е јавно. Тоа значи дека секој може да присуствува на судењето, освен во исклучителни случаеви. Законски е предвидено кога може да се суди на затоврена седница.

Затоа е сосема нелогично и дури е игра на зборови решението во точката 5, да се бара од странките и другите учесници во постапката, а присутна е тука и јавноста, да не даваат оценка за водењето и текот на постапката. Таа е јавна, нејзе ја следи јавноста, па затоа е многу нелогично ова решение што го нуди предлагачот.

Прифатлива е интервенцијата на колегата Ефтим Манев. Мислам дека овој амандман треба да се прифати. Инаку, како вие ќе им наложите на странките, на јавна седница, на учесниците во постапката на седницата што е јавна, пред граѓаните, ако има присутни граѓани, а претпоставка е дека имате, да тие ништо не кажуваат за текот на постапката, а нејзе ја следи јавноста. Тоа е многу дискутабилно и ќе ги казните ако нешто кажат кога имате јавна седница на судот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 57. 12 гласале за амандманот, нема воздржани и 45 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Селвие Салиу и Назмие Даути.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Јашари Аднан.

Повелете господине Јашари.

**Јашари Аднан:** Господине потпретседателе, имајќи го предвид фактот дека не се прифати амандманот од предлагачот, го повлекуваме овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 103 ставови 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Селвие Селиу и Назмие Даути.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Земајќи го предвид фактот дека и овој амандман не е прифатен, и овој амандман го повлекуваме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 31 став 2 за менување на алинеа 2 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Тоа е амандманот што сега во меѓувреме се подели.

Отворам претрес по амандманот на член 104 поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари, Селвие Селиу и Назмие Даути.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** И овој амандман го повлекуваме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 119-а) по членот 119 од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе,

Амандманот се однесува на членот 119, на преодните и завршните одредби.

Предлагаме додавање нов член 119-а) кој што треба да гласи "во рок од три месеци од примената на законот за судовите претседателите на судовите избрани пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат со вршењето на судската функција до изборот на новите претстдатели на судовите, кој ќе се изврши во рок од три месеци од примената на овој закон".

Со оглед на новата организациона поставеност и надлежностите кои што ги имаат судовите во Република Македонија сметаме дека е потребно да се изврши нов избор на претседателите на судовите, бидејќи досегашните ингеренции на судовите се видоизменети. Од тие причини го предлагаме ова решение на членот 119-а.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Госпоѓа Лалчевска повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Ако влезете во реформа, да реформирате еден систем, а ние влеговме во реформа да го реформираме судскиот систем односно третата власт кај нас. Бидејќи забелешките и на домашната и на странската јавност беа дека имаме проблем во ова трета власт, затоа и влеговме во реформи. Донесовме уставни измени, во тек се закони кои на поинаков начин ќе ја уредат третата власт односно ќе овозможат ефикасно судство, деполитизирано и ќе ја намалат можноста за коруптивно делување во судството, бидејќи тоа беа трите слабости лоцирани и од нас и од странство.

Во основа системот сам по себе не се расипува, го расипуваат луѓето кои работат во системот. Сега ние ако правиме реформа само во легислативата притоа да немаме никакви поместувања во постоечките структури на судот и не најавиме одредени разрешувања, одредени избирања на нови луѓе за да може оние што се добри да се потврдат, а оние што работеле, и го "расипувале системот" да можат да бидат разрешени тогаш нас реформата нема да ни успее, барем не во онаква мера во која посакуваме.

Затоа е потребно и во разговорите со министерката јас нагласив дека е многу важно да се прифати овој амандман и да се даде можност после донесувањето на законот, колегите предлагаат три месеци по стапување на сила на законот, да се изврши реизбор на сите

претседатели на судови, а плус тоа што и во самата поставеност на основните судови имаме плус еден апелационен суд, имаме Скопје 1 и Скопје 2, имаме надлежност едниот кривичен, едниот граѓански суд, тоа се големи зафати во судскиот систем, потребно е, дури и неопходно да се изврши реизбор на сите претседатели на судови како би стартувале сите во исто време и подеднакво би се залагале реформите кои ги предвидуваме со законите да успеат, затоа што реформите не можеме да ги направиме од овде само со легислатива. Потребно е и во тој систем да има одредени поместувања во луѓето кои се најкомпетентни и најповикани да ја спроведат во пракса оваа легислатива за да се овозможи рафромата. Најповикани се претседателите на сите судови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Витановски, повелете имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе,

Јас посебно овој амандман го разгледав и овој амандман поднесен од Силвана Бонева и Илија Китановски односно од ВМРО ДПМНЕ за мене е од клучните амандмани кои што сега се донесени односно ги имаат предложено.

Со овој амандман тие сакаат во рок од три месеци од влегување во сила на овој закон да извршат смена на сите претседатели судовите.

Мислам дека овој амандман не држи од неколку причини.

Прво, избраните претседатели во судовите се избрани со определен мандат. Мандатот им трае и никој не може тој мандат да им го скрати. Ако ВМРО ДПМНЕ бара да ги смени сите претседатели на судови во рок од три месеци мислам дека е тоа ниту уставно, ниту законски. Претседателите си имаат свој мандат и треба да си го завршат мандатот како претседатели на судови, а не со влегувањето во сила на овој закон во рок од три месеци да бидат сите сменети. Со тоа не правиме реформи во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска, за реплика три минути.

**Ристана Лалчевска:** Јас би сакала да му реплицирам само во еден сегмент на колегата.

Амандманот не бара да бидат сите разрешени, туку бара да бидат реизбрани. Значи, оние што си работеле солидно нема никаква причина да бидат повторно избрани од сега веќе надлежниот совет кој е надлежен за разрешување и за именување на судии. Значи, и начинот на избор целосно ние го менуваме. Тоа е крупна реформа во системот. Тоа не значи дека овој амандман бара сите да се разрешат и од нив никој да не биде избран. Не, апсолутно не е тоа смислата ниту на реформата, ниту пак на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски една минута за контра реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Јас го зборувам тоа што е напишано во амандманот на ВМРО ДПМНЕ. Како пишува така го прочитав. Тие сакаат во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон да ги сменат сите претеседатели на судови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева три минути за реплика.

**Силвана Бонева:** Колегата не може да разбере дека во моментот зборуваме за крупни реформи во судството. Овде зборуваме за промени на надлежноста на голем број од судовите. За проширување на надлежноста или одземање на дел од надлежноста на сегашните судови. Зборуваме за востановување на нов апелационен суд, за отворање на нови одделенија и да не редам што се. Значи, не се овие истите судови за кои што биле избрани претседателите на судовите, кои што сега се претседатели на судовите. Ние не бараме да им се скрати мандатот, туку да бидат реизбрани. Тоа нема да го прави ВМРО ДПМНЕ туку ќе го прави судскиот совет и зависно од тоа кој претседател на суд како си ја вршел работата ќе биде или потврден и понатаму да ја извршува својата работа или пак ќе биде избран нов претседател на тој суд. Целта беше да направиме коренити рефоми, а реформите не можат да се прават само со измена на законите. Значи, оние кои што не ја завршиле работата како што треба, кои што се причинители на многу состојби кои денес се случуваат во судовите треба да и отстапат место на оние кои што можат да се справат со предизвиците што ги носат новите реформи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута за контра реплика господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе,

Како ВМРО ДПМНЕ брзо нешто сваќа. Ако беа тие за реформи во судството ќе гласаа за Уставот. Тие не гласаа за Уставот. Тоа е прва работа.

Втора работа, ако сметате вие дека ќе направите реформи ако ги смените сите претседатели на судовите во Република Македонија се лажете. Нема да направите ништо. Ако ви е целта ако дојдете вие на власт, ама нема да дојдете дека ќе раководите и со судската власт се лажете, бидејќи знаете дека носиме закон за судскиот совет, па Парламентот нема да ги бира претседателите на судовите, туку ќе ги бира Републичкиот судски совет. Вие нема да ја имата таа можност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски повелете.

**Илија Китановски:** Во интерес на вистината ќе го прочитам амандманот поднесен од колешката Бонева и од мене, значи од ВМРО ДПМНЕ. Треба да ви биде јасно точно што пишува во него за да нема слободни интерпретации, како што колегата си зеде за слобода да го интерпретира, па ВМРО ДПМНЕ ќе ги именува претседателите на судовите, па потоа сам си влезе во коализија

дека не може ВМРО ДПМНЕ да ги менвуа бидејќи и нив ќе ги избира новиот Судски совет итн. Мислам дека влезе во една еуфорија од која што и самиот не може да излезе. Амандманот гласи:" Во рок од три месеци од примената на законот за судовите претседателите на судовите избрани пред влегување на сила на овој закон продолжуваат со вршење на судската функција до изборот на новите претседатели на судовите, кој ќе се изврши во рок од три месеци од примената на овој закон".

Образложението е драстично изменетата улога на судовите, посебно на основните со смалени надлежности едни, а други со зголемени надлежности и сосема е логично новиот судски совет да изврши избор на претседатели односно да ги потврди онаму каде што се квалитетни претседателите на судовите. Тоа е лесно, врз основа на факти, врз основа на работа се утврдува, така да воопшто господине Јанаќи да не се секирате дека ВМРО ДПМНЕ ќе ги именува претседателите на судовите. Не може да ги менува како политичка партија, ниту како пратеници, тоа може да го прави новиот судски совет врз основа на постапка која што е пропишана. Ако не се прифати овој амандман има и други членови во законот кои што го регулираат евентуалното менување на претседателите.

Инаку не е многу добро господинот Јанаќе од името на СДСМ да биде заштитник на претседателите на судовите во Република Македонија, затоа што ги заштитува од име на една политичка партија. Можеби тие не сакаат да бидат заштитени од политичка партија, посебно не од СДСМ, можеби сакаат ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски не реплицирате.

Повелете господине Витановски за реплика.

**Јанаќе Витановски:** Господине Илија Китановски ќе прочитам што имате вие во вашиот амандман. На крајот "...кој ќе се изврши во рок од три месеци од примената на овој закон". Имате и образложение: "Со оглед на новата организација на судовите потребно е да се изврши нов избор на претседатели на судовите". Ова вие сте го пишувале не јас. Значи, вие барате нов избор на претседатели на судовите. Зошто? За да владеете со нив? Не можете. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китановски една минута.

**Илија Китановски:** Или е ова дијалог на глуви, или не можеме да се разбереме со колегата. И јас истото го цитирав, само што сега тој го повтори тоа и влегува во една бесмислица. Значи, токму тоа е. Факт е дека идниот состав на Парламентот, ниту овој повеќе не ќе може, за разлика од сега, затоа што гледам дека има и нови предлози од Републичкиот судски совет, значи во пет за дванаесет за именувањет или поставување на судии, меѓутоа факт е дека тоа не ќе може тоа да се прави. Немојте од сега да давате политичка конотација на новито судски совет и немојте да бидете патрони на оние кои што не ве сакаат за патрони повеќе. Не ве сакаат.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема други пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Службите нека го утврдат борот на присутни пратеници.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата се 56 пратеника.

Значи, го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(некој пратеници влегуваат во салата)

Сега имаме 61пратеник.

Го повторувам гласањето и ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 58 гласале. 13 за амандманот, нема воздржани и 45 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстото на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Процедурално бара збор госпоѓата Силвана Бонева.

Повелете процедурално.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Од име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ барам еден час пауза.

(реакција на пратениците).

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот)